Обновен повик за доставување понуди за спроведување истражување, развивање етички стандарди ипланирање и спроведување обуки на тема нови технологии и човекови права

За потребите на проектот „Заштита на човековите права во ера на вештачка интелигенција", поддржан од Американската адвокатска канцеларија – Иницијативата за владеење на правото (ABA ROLI) објавуваме повик за експерт/експертски тим во областа на вештачка интелигенција и човекови права.

**1. За проектот**

Проектот „Заштита на човековите права во ера на вештачка интелигенција" го спроведува Фондација Метаморфозис со поддршка на АБА РОЛИ. Општата цел на проектот е да придонесе кон заштита на човековите права во политиките поврзани со вештачката интелигенција. Оваа цел проектот ќе ја постигне преку различни активности: истражување, застапување, развивање на капацитетите на целните групи и подигнување на јавната свест.

**2. Предмет на набавка**

Во рамките на овој повик, Метаморфозис ќе избере експерт или тим од најмногу тројца членови кои ќе бидат одговорни за:

2.1. **Спроведување истражување за ефектот на новите технологии, со особен фокус на вештачката интелигенција, врз човековите права**. Ова истражување треба да содржи и анализа на ризиците и ефектите што автоматското донесување одлуки може да го има врз човековите права. Во спроведувањето на оваа активност, се очекува да бидат искористени следните методолошки пристапи: анализа на секундарни извори на податоци, анализа на случај, интервјуа со експерти и слично.

2.2. **Развивање етички стандарди за заштита на човековите права** при креирањето политики што го уредуваат автоматското донесување одлуки. Овие етички стандарди треба да произлегуваат од сознанијата добиени во рамки на активноста 2.1, како и од интервјуа со експерти, активисти за човекови права и носители на одлуки.

2.3. **Планирање и спроведување три еднодневни обуки** за претставници на граѓански организации на теми од областа на влијанието на новите технологии, со особен фокус на вештачката интелигенција, врз човековите права. Секоја обука би имала по 10-20 учесници, а предност при изборот на учесници ќе биде дадена на претставници на граѓански организации кои работат со маргинализирани граѓани. Планирањето на обуките вклучува и спроведување на анализа на потребите на целната група поврзани со обуки на соодветните теми, преку: подготовка и анализа на сознанија од прашалник, средби со претставници на граѓански организации, анализа на соодветни публикации, истражувања и слично. Метаморфозис ќе обезбеди поддршка во дисеминација на прашалникот и договарање и логистика на средбите и обуките. Планирањето на обуките исто така вклучува и подготовка на детална програма (агенда) за обуките, како и тестови

од 5-10 прашања кои учесниците ќе ги прават пред и по обуката со цел да се измери напредокот, односно да се измери колку научиле.

## 3. Вредност на набавката

Надоместот за услугите кои ќе бидат предмет на набавка не може да надмине 3080 долари во бруто вредност.

## 4. Временска рамка

Активности и задачи кои треба да бидат покриени се прикажани во табелата во продолжение.

Сите доставени продукти треба да бидат на македонски јазик.

| Активности и задачи | Рок за достава |
|---|---|
| Првична верзија од истражувањето за ефектот на новите технологии и ВИ врз човековите права (2.1.) и од етичките стандарди (2.2.) | 30.11.2023 |
| Финална верзија од истражувањето за ефектот на новите технологии и ВИ врз човековите права (2.1.) и од етичките стандарди (2.2.) и првична верзија на анализата на потреби од обука на граѓанските организации (2.3.) | 25.12.2023 |
| Финална верзија на анализата на потреби од обука на граѓанските организации и предлог-програма за обуката (2.3.) | 15.01.2024 |
| Спроведување 3 обуки за граѓански организации за влијанието на новите технологии и ВИ врз човековите права (2.3) | 15.01.2024 – 15.03.2024 |

Напомена: Временската рамка е подложна на промени согласно со потребите на проектот.

Секоја можна промена иницирана од страна на избраниот понудувач треба да биде претходно одобрена од страна на Метаморфозис. Ангажманот вклучува следствено состаноци со тимот на Фондацијата Метаморфозис. Состаноцитеможат да се водат преку интернет или во живо.

## 5. Услови за пријавување

Право да се пријават на овој повик имаат физички лица, индивидуално или во тим од максимум 3 члена, кои имаат искуство во областа на новите технологии, вклучително и вештачката интелигенција и нивното влијание врз човековите права. Поконкретно, експертите треба да ги исполнуваат следните услови:

- Познавање на актуелната легислатива и практика поврзана со човековите права – Минимум3-годишно професионално искуство во креирање и/или спроведување на легислатива поврзана со човекови права, спроведување на истражувања за човекови права и слично.
- Познавање на актуелните трендови во областа на новите технологии, со особен фокус на вештачката интелигенција – Минимум 3-годишно искуство во следење на развојот на новите технологии и вештачката интелигенција на национално и глобално ниво, спроведување истражувања на теми, учество во процеси на креирање и имплементирање политики и слично.
- Искуство во планирање и спроведување обуки за возрасни – спроведени минимум 5 обукиза возрасни во последните 3 години. Искуство со спроведување обуки на тема нови технологии и човекови права и обуки за граѓански организации ќе биде сметано како предност.

6. **Рок и начин за пријавување**

Понудите можат да се доставуваат **електронски**, на е-маил адресата: vesna@metamorphosis.org.mk **или во печатена форма во канцелариите на Метаморфозис** на следната адреса: Фондација Метаморфозис, ул. Франклин Рузвелт бр.19, Скопје, најдоцна до 20.09.2023 година. Насловот на пораката односно ознаката на пликот, доколку понудата се доставува во печатена верзија во канцелариите на Метаморфозис треба да биде „Понуда за истражување и обуки за ВИ и човекови права". Понудите кои ќе содржат непотполна или неуредна документација, како и понудите кои ќе бидат доставени по рокот утврден во овој повик, нема да бидат земени предвид. Фондација Метаморфозис го задржува правото да ги контактира само избраните кандидати.

7. **Елементи на понудата**

Понудите треба да ги содржат следните елементи:

• Кратка професионални биографија/биографии на кандидатот/сите членови на тимот во кои ќе бидат наведени сите податоци врз основа на кои може да се утврди исполнувањето на критериумите наведени во точка 4 од овој повик: професионални ангажмани и нивно времетраење и линкови до публикации (ако е применливо).

• Образец на финансиска понуда даден како прилог 1

8. **Критериуми и начин на избор на најповолна понуда**

Сите навремени, потполни и уредни пријави ќе бидат детално разгледани и оценувани според следните критериуми:

- Квалитет на понудата – Познавање на вештачката интелигенција и човековите права, спроведени обуки – 65 поени
- Финансиска понуда – 35 поени.

Со кандидатот кој ќе добие најмногу поени по овие критериуми ќе биде склучен договор во кој подетално ќе се утврдат меѓусебните права и обврски.

9. **Појаснување на тендерската документација**

Доколку се потребни дополнителни информации во врска со овој повик, можете да се обратите на vesna@metamorphosis.org.mk најдоцна до 13.09.2023 година.

10. **Измена и дополнување на тендерската документација**

Метаморфозис го задржува правото најдоцна 2 дена пред истекот на крајниот рок за поднесување на понудите, по свое наоѓање или врз основа на поднесените прашања за објаснување поднесени од страна на понудувачите, да ја измени или да ја дополни тендерската документација, за што веднаш ќе ја објави измената и ќе ги извести потенцијалните понудувачи кои поднеле барање за појаснување. Во случај на измена на тендерската документација, Метаморфозис може да го продолжи крајниот рок за доставување на понудата по барање ако постојат оправдани причини за тоа и за тоа ќе направи соодветна објава.

## 11. Начин и услови за плаќање

Плаќањето ќе се изврши на две рати. Првата рата ќе биде исплатена по финализирање на активностите наведени во точка 2.1. и 2.2., а втората рата ќе биде исплатена по финализирање на активноста наведена во точка 2.3. Плаќањето ќе се изврши врз основа на одобрен извештај за спроведени активности.

## 12. Известување на понудувачите

До избраниот најповолен понудувач ќе се достави известување на адресата на е-пошта наведена во понудата.